Врз основа на член 16 од Законот за шумите ("Службен весник на Република Македонија" бр. 47/97 и 8/2000), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 12.02.2002 година, донесе

# РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ШУМСКИТЕ ПРЕДЕЛИ ВО СЛИВОТ НА РЕКА ОЧА ЗА ШУМСКИ РЕЗЕРВАТ

I

Во Решението за прогласување на шумските предели во сливот на река Оча за шумски резерват ("Сл. весник на НРМ" бр. 12/58 и 20/60) ставот 2 од точката I се менува и гласи:

"Границите на резерватот се:

Исток: Од манастирот Св. Андреја границата оди во правец на исток по самиот гребен до билото над селото Св. Петка, од тука свртува во правец на југозапад на кота 785, потоа минува низ котите Лочи (карта), 1104 (Р'бљак), го пресечува патот Нова Брезница-Рудина на 2,5 км. источно од тригонометарот 1189 (Црвен Камен), од каде оди во правец на југ и го сече стариот пат Нова Бресница-Кула над последните колиби во месноста Дервен Дол. Од тука границата оди по стариот пат за Кула до првиот дол источно од Кула, од каде границата оди по билото, минува низ месноста Копље и излегува на кота 1743, од тука минува низ кота 1656, од каде се спушта во правец на Патишка Река која ја пресечува над селото Патишка Река кај што патот од Боро Поле се спушта во долината на Патишка Река. Од тука границата оди во правец на југоисток на кота 2061 (Бреза). Потоа границата свртува во правец на југ и минува низ тригонометарот 2353 (Убава), тригонометарот 2473 (Караџица), од каде се спушта на поредот изнад кота 1323 (Глибеш на Боро Поле).

Југ: Од местото каде што границата на Боро Поле се доближува до поредот истата оди во правец на северозапад по самиот поред до местото каде што селскиот коњски пат излегува од шумата во пасиштето Боро Поле, од тука границата оди во правец на југозапад по патот, минува низ котата 1410 и излегува на Сенокос, од каде свртува во правец на северозапад и излегува на највисокиот врв југозападно од селото Тажево.

Запад: Од највисокиот врв југоисточно од селото Тажево, а северно од кота (Дрободи), границата оди во правец на северозапад по билото што се наоѓа од десната страна на селото Тажево и Брезница, преку кота 1233, преку тригонометарска точка 1125 на месноста Поча од кота 1052; од кота 1052 по ридот до тригонометар со надморска висина 827 Косматов Рид од каде по срт од рид Суварец се спушта во река Треска, сртот по ридот Велја Преслап (од река Треска, тригонометар со н.в. 842 м) и сртот на ридот Мочалиште (тригонометар со н.в. 1117 и 1436 м. 1548, 1426 и 1797 м.) месноста Гури и Исакут и сртот по ридот (тригонометар со н.в. 1786, 1585 и 1449 м.) месноста Ливада место, безимен дол кој се влива во долот Расова (кота со н.в. 790) долот Расова до спојот со долот Лока (кота со н.в. 463 м), долот Лока сртот од Ќафа е Рустеми (тригонометри со н.в. 754 и 948 м), до месноста Јасика (тригонометар со н.в. 1374 м) сртот по ридот Чука (од месноста Јасика, тригонометар со н.в. 1374 м. тригонометар со н.в. 1073 м) до

долот Оча, по срт од ридот Врв Брикул тригонометар со н.в. 1238 тригонометар со н.в. 873 и преку Крстава Чука тригонометар н.в. 1184 и Крстец Тепе.
Север: Од тригонометар 1401 Крстец Тепе границата оди во правец на североисток по самото било на Осој, минува преку котите 1372, 1293, 1354, тригонометарот 1368, од кота 1263 границата се спушта спрема реката Треска кај манастирот Св. Андреа од таму оди на исток и преку запад по самото било на кота 785".

II

Оваа решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-978/1
12 февруари 2002 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Љубчо Георгиевски,** с.р.